Предлагачи:Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА, СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено / Pranuar | 05. 11. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 08 | 5297/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија, по скратена постапка.

Пратеници:

**В О В Е Д**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Националната развојна стратегија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 30/2024 се уредува подготовката, донесување, спроведување, следење, известување и оценување на стратешки документ, чија цел е креирање на потребните политики за обезбедување поголема флексибилност и отпорност на државата во справувањето со идните глобални или домашни предизвици.

Со предложените измени на Законот за Националната развојна стратегија се врши доуредување на постојното законско решение, како и усогласување со законот за организација и работа на органите на државната управа.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Решенијата содржани во Предлогот на законот за Националната развојна стратегија имаат за цел допрецизирање на одредбите од постојното законско решение и се засноваат врз истите цели и начела врз кои е заснован законот за Националната развојна стратегија.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија не предизвикува финансиски последици врз Републичкиот Буџет и другите јавни финансиски средства.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија не се потребни финансиски средства и истиот нема да има финасиски последици врз Републичкиот буџет.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Националната развојна стратегија да се разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Член 1

Во Законот за Националната развојна стратегија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 30/2024), во член 11 ставот (3) се менува и гласи:

„Членови на Советот се:
1. претседателот на Владата и неговите заменици;
2. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија;
3. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Собранието;
4. координаторите на пратеничките групи и по еден пратеник од политичките партии застапени во Собранието кои не се организирани во пратеничка група;
5. министерот надлежен за работите од областа на финансиите;
6. министерот надлежен за работите од областа на економијата;
7. министерот надлежен за работите од одбраната;
8. министерот надлежен за работите од областа на дигиталната трансформација
9. претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;
10. генералниот секретар на Владата;
11. по еден претставник од:
а) Стопанската комора на Северна Македонија;
б) Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии;
в) Стопанската комора на северозападна Македонија;
г) Сојузот на стопански комори на Македонија и
д) Занаетчиската комора на Република Северна Македонија.
12. претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
13. претседателите на осумте совети за развој на планските региони;
14. по еден претставник од репрезентативните синдикати;
15. претставници од установите од високото образование, со потесна специјалност од областа на стратешкиот развој, економијата, социјалниот развој и заштита на животната средина, номинирани од јавните универзитети;
16. тројца претставници на здруженија номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од кои најмалку еден претставник на здруженија одобласта на заштита на маргинализираните лица и
17. двајца претставници на млади, номинирани од Националниот совет на млади.“.

Во ставот (4) зборовите: „точки 10, 13, 14, 15 и 16“ се заменуваат со зборовите: „ точки 11, 14, 15, 16 и 17“.

Член 2

Во член 13 ставот (2) се менува и гласи:

„Членови на Управниот одбор се претседателот на Владата или заменик на претседателот на Владата, предложен од негова страна, министерот за финансии и Генералниот секретар на Владата.“.

Член 3

Во член 14 ставот (3) се менува и гласи:

„Членовите на работниот комитет се избираат по пат на јавен повик од редот на вработените во органите на државната управа, Општините, Општините во градот Скопје и Град Скопје, другите јавни институции, здруженија и во приватниот сектор. Начинот на спроведување на јавниот повик и потврдување на членовите на работниот комитет поблиску се уредува со актот за формирање на Советот од ставот (1) на член 10 од овој Закон.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Предлог на законот содржи 4 члена.

Со членот 1 се допрецизира делот во кој се именуваат членови во Националниот совет за развој.

Со членот 2 за член на Управниот одбор покрај претседателот на Владата или заменик на претседателот Влада, предложен од негова страна, министерот за финансии, се додава и Генералниот секретар на Владата.

Членот 3 го уредува начинот на спроведување на јавниот повик и потврдување на членовите на работниот комитет.

Со членот 4 е уредено влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата кои произлегуваат со изменувањето на овој закон се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените измени и дополнувања нема да предизвикаат дополнителни последици.

ТЕКСТ
НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА КОИ ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 11

(1) Владата го формира Национален совет за развој (во натамошниот текст: Советот), како постојано советодавно тело на Владата.
(2) Членовите на Советот се именуваат и се разрешуваат од Владата.
(3) Членови на Советот се:
1. претседателот на Владата и неговите заменици;
2. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија;
3. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Собранието;
4. координаторите на пратеничките групи и по еден пратеник од политичките партии застапени во Собранието кои не се организирани во пратеничка група;
5. министерот за финансии;
6. министерот за економија;
7. министерот за одбрана;
8. претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;
9. генералниот секретар на Владата;
10. по еден претставник од:
а) Стопанската комора на Северна Македонија;
б) Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии;
в) Стопанската комора на северозападна Македонија и
г) Сојузот на стопански комори на Македонија;
11. претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;
12. претседателите на осумте совети за развој на планските региони;
13. по еден претставник од репрезентативните синдикати;
14. претставници од установите од високото образование, со потесна специјалност од областа на стратешкиот развој, економијата, социјалниот развој и заштита на животната средина, номинирани од јавните универзитети;
15. тројца претставници на здруженија номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од кои најмалку еден претставник на здруженија одобласта на заштита на маргинализираните лица и
16. двајца претставници на млади, номинирани од Националниот совет на млади.
(4) Членовите на Советот од ставот (3) точки 10, 13, 14, 15 и 16 на овој член се именуваат за период од три години.
(5) Во работата на Советот може да учествуваат и претставници на други државни органи или здруженија.
(6) Со Советот претседава претседателот на Владата или, во негова спреченост или отсуство, еден од замениците на претседателот на Владата определен од негова страна.

**Член 13**

(1) Управниот одбор е помошно тело на Советот, кое обезбедува стратешка и партнерска соработка на Советот со меѓународната заедница, меѓународните финансиски институции и со донаторите.
(2) Членови на Управниот одбор се претседателот на Владата или заменик на

претседателот на Владата, предложен од негова страна и министерот за финансии.

**Член 14**

(1) Работниот комитет е помошно тело на Советот кое обезбедува експертска и техничка поддршка на Советот.
(2) Работниот комитет се организира и работи во групи и подгрупи по области, обезбедувајќи застапеност на стручни лица од органите на управата, другите јавни институции, здруженијата, стопанството и установите од високото образование.
(3) Членовите на работниот комитет ги избира Советот по пат на јавен повик од редот на вработените во органите на државната управа, Општините, Општините во градот Скопје и Град Скопје, другите јавни институции, здруженија и во приватниот сектор.
(4) Работниот комитет ја спроведува техничката подготовка на текстот на Стратегијата и на Програмата и доставува нацрт-текст до Советот.